**Известување за концентрација со која ФЕШН КОМПАНИ, Република Србија има намера директно да одредени деловни средства кои се дел од ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД Србија и одредени други деловни средства кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги Хрватска**

**(предмет бр. 08-117/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.08.2024 година, а дополнето на 14.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција ФЕШН КОМПАНИ Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија има намера директно да стекне одредени деловни средства кои се дел од претпријатието ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД, со седиште на Спасовданска 16, Белград, Република Србија и индиректно одредени други деловни средства кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги со седиште на Петрињска улица бр. 61, Загреб, Република Хрватска по пат на купување на деловните средства или пренесување на тие средства на друг начин.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Регистрирана дејност на **ФЕШН КОМПАНИ** е неспецијализирана трговија на големо.

Во Северна Македонија, ФЕШН КОМПАНИ, има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, друштво организирано во согласност со законите на Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје – Центар. Регистриранатa дејност на ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО е 47.71 – Трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

**Со концентрацијата се стекнуваат следните деловни средства, кои се дел од претпријатието ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД**: трговска марка XYZ, одредени домени, стоки, инвентар, вработени и закуп на XYZ продавницата лоцирана во трговскиот центар Галерија (Galerija) во Белград и на XYZ продавницата лоцирана во трговскиот центар Променада (Promenada) во Нови Сад.

ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД е друштво активно во трговијата на мало со облека, обувки и сродни модни производи во XYZ продавниците лоцирани во трговскиот центар Галерија (Galerija) во Белград и трговскиот центар Променада (Promenada) во Нови Сад. Регистрирана дејност на ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД е неспецијализирана трговија на големо.

ЕРУДИТА БАЛКАНС ДОО БЕОГРАД нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

**Со концентрацијата се стекнуваат следните деловни средства, кои се дел од претпријатието К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги**: стоки, инвентар, вработени и закуп на XYZ продавницата лоцирана во трговскиот центар City Center one Split.

К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги е друштво активно во трговијата на мало со облека, обувки и сродни модни додатоци во XYZ продавниците лоцирани во трговскиот центар City Center one Split. Регистрирана дејност на К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги е трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

К2 СПОРТ д.о.о. за трговија и услуги нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинира 1) пазар за трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци во специјализирани продавници и 2) трговија на мало со облека, обувки и модни додатоци преку пошта и интернет.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.08.2024 година
Скопје